Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр. 04-18/1

08.01 2026 година

Битола

Врз основа на член 45 ст.1 од Законот за административни службеници ( "Сл.весник на РМ"бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16и11/18 и "Службен весник на РСМ бр.275/2019,14/20 ,215/2021 и 99/2022, 208/24) а во врска со објавениот оглас за вработување на административни службеници во КПУ Затвор Битола бр. 1067/2025 и Предлог за вработување на кандидати по јавниот оглас Бр. 10-2053/17 година, Директорот на КПУ Затвор Битола, на ден 08.01.2026 година донесе :

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат по јавен оглас**

**за вработување на административен службеник**

1. Во врска со Јавен оглас за вработување на административен службеник во КПУ Затвор Битола бр. 1067/2025 од 26.11.2025 година објавен на интернет страната на Агенција за администрација и во три дневни весници "Слободен печат", "Нова Македонија" и "Коха" за пополнување на работното место самостоен референт за Административно-технички работи за прием и отпуст на осудени лица со звање **самостоен референт**, Одделение за третман – Сектор за ресоцијализација и шифра на работното место УПР 0101Г01000 се избира Кандидатот **МАРИНА КОВАЧЕВСКА** со идентификациски број **2DE8986 .**
2. Со именуваниот ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавување на интернет страната и на огласна табла на Агенција за администрација .

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиената писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр. 19-5824/2 од 23.07.2025 година, Агенцијата за администрација , по барање на КПУ Затвор Битола на ден 26.11.2025 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Слободен печат", "Нова Македонија" и "Коха" објави јавен оглас бр. 1067/2025 за пополнување на работното место самостоен референт за Административно-технички работи за прием и отпуст на осудени лица со звање самостоен референт, Одделение за третман – Сектор за ресоцијализација со шифра на работното место УПР 0101Г01000

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

По спроведениот оглас бр. 1067/2025 формирана е комисија за селекција за вработување бр.10-2053/2.

На ден 12.12.2025 година спроведена е постапка за административна селекција за која е направен Записник бр. 10-2053/13 .

На ден 24.12.2025 година. Во просториите на Агенција за администрација беше одржан испитот за административен службеник за кој е составен записник бр.10-2053/15

На ден 30.12.2025 во просториите на агенцијата за администрација беше спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник за кои е составен записник бр10-2053/16

Врз основа на добиените бодови од административната селекција, спроведениот испит за административен службеник и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас изготви конечна ранг листа и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работно место по јавен оглас 1067/2025 .

Врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлог за вработување на кандидат со бр. 10-2053/17 од 31.12.2025, Директорот на КПУ Затвор Битола, за работното место самостоен референт за Административно-технички работи за прием и отпуст на осудени лица со звање самостоен референт, Одделение за третман – Сектор за ресоцијализација **го избра предложениот кандидат МАРИНА КОВАЧЕВСКА .**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука,незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од **8 дена** од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО :**

Именуваниот

Архива

Одделение за човечки ресурси

Агенција за администрација

Директор

Александар Јовковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАТВОР БИТОЛА БИТОЛА